# Лубила го Донка млад Шанко




Љубила го Донка млад Шанко,
Година и половина,
Година и половина.

Млад Шанко ѝ веле на Донка:
„Ти да ја питаш мајка ти,
Ти да ја питаш мајка ти“.

„Да ли ќе те дава за мене,
Како за мене пијаница,
Како за мене бекрија.“

Донка на Шанко одговара:
„Мене ме мама годила,
У тоа пусто Неготин.“

Тогај си Шанко одговори:
„Кажи ѝ Донке на мајка,
Мене на свадба да кане.“

Донка си мајка измоли,
Па го каниа млад Шанко,
Дошол е Шанко на свадба.

Влезе си Шанко при Донка,
Извади ноже од појас,
Прво си Донка убоде,
После се себе убоде.

Пеел Пане Смоков од село Долни—Тиквешко, 1938 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.